КАНАЛ 77
САМО ХИТОВИ

До Агенеција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Ул. Македонија бр. 38
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 24.07.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 01 | 3131/2 | | |

Трговско радиодифузно друштво
Радио КАНАЛ 77 дооел
Бр. 0302-153
24. 7. 2024 год.
ШТИП

Почитувани,

Согласно отворената јавна расправа за Нацрт-правилник за измени и дополнувања на Правилникот за спонзорства, во прилог забелешки за објавениот Нацрт-правилник за измени и дополнувања на Правилникот за спонзорства од Управителот на ТРД Радио Канал 77 - Виктор Гаврилов.

Разгледувајќи го во детали објавениот документ сметам дека Агенцијата треба да направи промена во Член 8, став 2 односно :

''Спонзорот треба да биде јасно идентификуван со името, логото и/или каква било друга ознака на спонзор, како што е споменување на неговите производи или услуги или негов карактеристичен знак, со задолжително користење на зборот **спонзор**''

Со огледа на тоа дека живееме во време во кое користењето на дигитални алатки е секојдневие и сите сме изложени на глобализацијата која постојано ни наметнува нови трендови, а воедно следејќи ги светските трендови за комерцијална комуникација сметам дека е од суштинско значење да не постои ограничување на користење исклучиво на зборот ''спонзор''. Сметам дека означувањето на програма која одреден комерцијален клиент ја подржува (се рекламира на истата) е и треба да биде означена но да биде оставен простор за користење на повеќе зборови и / или изрази кои на крајот го имаат истото значење но нудат варијација која понекогаш е барана од самите комерцијални клиенти баш заради нивната светска примена.

Како можни зборови / изрази се :

- Ви ја носи / Ви го носи ..
- Во партнерство со
- Подржано од
- Во соработка со
- Овозможено од

Се надевам дека оваа моја забелешка ќе биде прифатена и Агенцијата ќе дозволи поголема флексибилност, а воедно и почитување на Законите и правилата од страна на радиодифузерите.

Со почит

ТРД Радио Канал 77
Управител
Виктор Гаврилов

Трговско радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 дооел Штип

Дата 24.07.2024 година

ТРД Радио Канал 77 Штип
*5та Партиска Конференција 32А, 2000 Штип*
*Тел./фах: 032 397707 | 032 397717 e-mail: kanal77@kanal77.com.mk www.kanal77.mk*